РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-5649/4
24 09 2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11), Министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на универзитетски студии по Инженерство на животна средина и ресурси на Машинскиот, Градежниот и Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот„Св. Кирил и Методиј" - Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на универзитетски студии по Инженерство на животна средина и ресурси на Машинскиот, Градежниот и Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивањето на Решението бр. 12-186/2 од 07.06.2012 година за акредитација за воведување на студиската програма од втор циклус на универзитетски студии по Инженерство на животна средина и ресурси на Машинскиот, Градежниот и Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје се обрати до Министерството за образование и наука со барање бр. 09-975 од 09.07.2012 година за остварување на увид за исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на универзитетски студии по Инженерство на животна средина и ресурси на Машинскиот, Градежниот и Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-5649/2 од 17.07.2012 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на универзитетски студии по Инженерство на животна средина и ресурси на Машинскиот, Градежниот и